КОНЕКТ

# Годишен извештај
# за 2017 година

Скопје, мај 2018

# Прочитајте


I. За Конект....3

II. Конект во 2017г. низ бројки ....5

III. Филантропија....6

Нова веб платформа за паметно донирање....8

Кампања за поттикнува на донирањето – Да донираш е љубов....9

Донаторски календар ....10

Учество на Националниот форум на граѓански организации ....10

IV. Социјално претприемништво....11

V. Унапредување на општествената одговорност ....13

Формирање Клуб на одговорни бизниси ....14

Програми на Клубот на одговорни бизниси ....15

Училишен проект на ЕВН Македонија – Нова генерација ....17

VI. Поддршка за граѓанските организации ....21

VII. Го шириме кругот ....21

VIII. Глобален договор на Обединетите нации ....21

Известување за вклученост....22

# I. За Конект

Веруваме дека Македонија има потенцијал да се развива потпирајќи се на локални ресурси и капацитети. Се стремиме да изградиме општество во кое граѓаните и претпријатијата активно ќе се вклучуваат и преку донации, волонтирање и сопствена одговорност ќе придонесуваат за рамномерен одржлив развој на заедниците. Докажуваме дека граѓанските организации се природен партнер на граѓаните и претпријатијата во остварувањето на оваа визија. Така, се стремиме да развиваме одржливи партнерства помеѓу граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор.

Од 2008ма, Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и општествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој на Македонија. Покажуваме дека филантропијата и општествената одговорност не се само редистрибуција на ресурсите, туку се моќна алатка за развој што носи придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Општествената одговорност на претпријатијата (ООП) е неминовен начин на водење бизнис што обезбедува одржлив развој како на бизнисот, така и на општеството. Имено, кога ООП се интегрира во бизнис стратегијата, му овозможува на претпријатието зголемена продуктивност, иновативност и долгорочен одржлив развој.

Работиме со и за:

- Бизнисите (компании и мали и средни претпријатија);
- Индивидуалци и семејства што донираат;
- Непрофитни субјекти: граѓански организации и социјални претпријатија;
- Јавните институции.

Главни полиња за работа

- Општествена одговорност на претпријатија (ООП);
- Филантропија;
- Социјална економија;
- Волонтерство;
- Одржлив развој.

Имаме експертиза за (избор):

- Стратешко обмислување на општествената одговорност на претпријатија;
- Стратешка индивидуална и корпоративна филантропија;
- Истражување во полињата на работа;
- Развој и анализа на јавни политики;
- Социјално претприемаштво и градење капацитети во овој домен;
- Градење капацитети и техничка помош за институции, претпријатија и граѓански организации (ГО);
- Овозможување и олеснување на меѓу-секторни партнерства.

## Како ја оствaруваме мисијата?

- Ги поттикнуваме поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;
- Ги поддржуваме деловните субјекти, без оглед на големината, да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- Ги поттикнуваме на луѓето насекаде низ Македонија да ги осмислат своите донации – и малите донации кога се здружени можат да променат многу;
- Ја подигнуваме свеста за потенцијалот на филантропијата и општествената одговорност да постигне вистинско влијание во општеството.
- Ја промовираме и поттикнуваме општествената одговорност на претпријатијата.

## Што правиме?

- Директни консултации и услуги на претпријатијата, поединците и нивните семејства;
- Застапуваме за законска рамка и опкружување кое ќе ја поттикнува филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата;
- Изготвуваме анализи, истражувања и извештаи;
- Споделуваме добри практики и споредбени искуства;
- Им даваме поддршка на непрофитните субјекти (здруженија на граѓани, фондации, јавни институции итн) за тоа како да бидат доверливи приматели на донации;
- Го поддржуваме градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции и заедниците.

## Во периодот на известување Конект е:

- Секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации[1] ;
- Претставник на локалните мрежи на Глобалниот договор од Источна Европа во Локалната советодавна група на ГД;
- Членка на Националниот совет за развој на волонтерството[2];
- Заменик член на Националното координативно тело за ООП на РМ;
- Член на Локалната советодавна група на Проектот за техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО);
- Контакт центар на Регионалната мрежа за ООП на мали бизниси во Централна, Јужна и Источна Европа формирана од UNIDO[3];
- Членка на Американската стопанска комора во Македонија (AmCham);
- Членка на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата
- Имплементатор на MAMFORCE стандардот за Македонија.

## Активностите во периодот беа поддржани од:

- Европската Унија (проект: Граѓанското општество посилно со бизнисот и граѓаните; проект: Вработување на лица со попреченост – пилот модел; пркт: Промени за одржливост.);
- Програмата Цивика мобилитас - Швајцарската агенција за развој и соработка;
- Министерството за економија на РМ;
- Корпоративни донатори.

---

[1] United Nations Global Compact
[2] Во 2016 Извршната директорка на Конект е Претседателка на НСРВ
[3] United Nations Industrial Development Organization

## II. Конект во 2017г. низ бројки

Оваа година одржавме **4** обуки од коишто со 3 го зајакнавме капацитетот на **69** лица од бизнис секторот за работна интеграција на лица со попреченост и одржавме **1** обука за продажба за 25 потенцијални социјални претприемачи. Осмисливме и координиравме програма за корпоративно волонтирање што до сега вклучи **196** вработени во **21** волонтерска активност во **16** општини. Направивме **11** поврзувања на ГО со компании, со наша поддршка компаниите за ГО обезбедија **592.245 денари** во про-боно услуги. За компаниите обезбедивме **2 нови услуги** за подобрување на нивните ООП практики. Продуцираме: **1** публикација, **5** летоци и **2** промотивни материјали – вкупно **34.655** примероци печатен материјал на македонски и албански јазик.

Преку нашите кампањи а посебно со кампањата да Да донираш е љубов имавме **39** медиумски објави и **2** видеа. Допревме до над **20.000** граѓанки и граѓани. За нив предложивме **12** паметни идеи за донирање во ГО. Се стремиме кон повеќе ...




Активностите опишани во овој извештај се финансирани од следните донатори и проекти:

| | |
|---|---|
| Институционален грант на Цивика мобилитас, МЦМС | 1,588,027.00 |
| ЕВН волонтира, ЕВН Македонија | 1,822,000.00 |
| Поттикнување на бизнис и човекови права, Европска комисија | 6,788,000.00 |
| Социјално претприемништво: учење од практика и промоција, Министерство за економија | 176,372.00 |
| Вработување на лица со попреченост-одржлив модел, Европска Унија | 270,240.00 |
| Граѓанското општество посилно со бизнисот и граѓаните, Европска Унија | 423,128.00 |

| | |
|---|---|
| Проект за воведување на Мамфорс стандард, Спона ДОО Загреб | 49,196.00 |
| Индивидуална донација од Н. Кусиникова | 170,083.00 |
| Приходи од камати | 2,666.00 |
| Приходи од сопствена дејност | 773,791.00 |
| Пренесен вишок од минатата година | 14,549,439.00 |
| Останати приходи | 2,855.00 |
| **Вкупно** | **26,615,797.00** |




Вкупните приходи во 2017 година изнесуваа 26.615.797,00 денари, а расходите 7.447.095,00 денари. Разликата во најголем дел се јавува поради проектни средства префрлени кон крајотна годината чии активности ќе се реализираат во 2018 година. Во организацијата беа вработени три лица со полно работно време. Месечната бруто плата на извршната директорка изнесува 96.609 денари. Таа не прима додатоци на платата од Конект по било кој друг основ. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува 1:2,33, додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,46.

Погледнете го деталниот финансиски извештај на Конект за 2017 на следниов <<ЛИНК>>

## III. Филантропија

Нашиот концепт за паметно донирање широко го промовиравме во 2017та. Кога зборуваме за паметно донирање, пред сè мислиме на планирање кое треба да го даде одговорот на прашањето „Како мојата донација најдобро ќе помогне за решението на проблемот и ќе го подобри животот во заедницата?“.

Конект ја поттикнува стратешката индивидуалната и корпоративната филантропија насочена кон решавање на проблемите и нивните причини, наместо за ублажување на последиците. Во оваа насока, посочуваме дека граѓанските организации се природниот партнер на граѓаните и бизнис заедницата преку коишто тие можат да извршат промена во заедниците во кои живеат и делуваат. Затоа, работиме за креирање услови за одржлив развој

на граѓанските организации и градење на нивните капацитети за поврзување со локалните донатори и поддржувачи.

Градиме односи со корпоративните донатори, но и со индивидуалните за да покажеме дека и малите донации кога ќе се здружат можат да направат промена. Во 2017 продолживме да го промовиравме нашиот систем за поддршка за корисниците на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и го објаснувавме нашиот концепт за паметно донирање. Се реализираа низа активности што го промовираа паметното донирање и беше воспоставен систем за сертифицирање на доверливи организации. За да допреме до повеќе граѓани и компании ја спроведовме кампањата „Да донираш е љубов“.

## Ознака за доверба

Ознаката за доверба за граѓански организации претставува само-регулирачки систем што на граѓаните и компаниите им го олеснува изборот на доверливи организации во коишто можат да донираат. Таа се стреми долгорочно да ја зголеми довербата помеѓу граѓанските организации (ГО) и локалните донатори. Ознаката се добива преку внимателно креиран процес и низа критериуми за транспарентност, отчетност, резултати од работењето, почитување на законската регулатива итн. Методологијата е развиена од Европскиот Центар за непрофитно право[4]. Граѓанските организации коишто ја поседуваат ознаката за доверба се добри партнери на граѓаните, но и на останатите чинители во заедницата. Концептот беше развиен минатата година, а во оваа година беше завршено тестирањето на шемата за сертифицирање на 5 организации. Првиот чекор за добивање на ознаката за доверба е процесот на само-оценка со одговарање прашалник усогласен со критериуми што треба да ги исполнува организацијата за да ја добие ознаката. По процесот на самооценка, одбор составен од 6 независни члена (експерти од областа граѓанскиот сектор, бизнисите и ревизорските куќи), врши проверка на организациите којшто го одговориле прашалникот. Доколку мислењето на членовите на одборот е позитивно ознаката и се доделува на организацијата, доколку е негативно се дефинираат препораки за подобрување со цел исполнување на критериумите од прашалникот.

Во пилот фазата од имплементацијата на системот беа вклучени 5 организации коишто успешно го поминаа процесот на оценување и се здобија со ознаката за доверба. Организации коишто ја добија ознаката за доверба се:

1. Здружение ХОПС - Опции за здрав живот
2. Здружение за асистивна технологија Отворете ги прозорците
3. Сојуз на извидници на Македонија
4. Еколошко друштво Планетум
5. Фондација за културни и образовни иницијативи Чекор по чекор

[4] European Center for Not-for-Profit Law – ECNL

По завршувањето на пилот процесот ознаката информациите и документите што се поврзани со шемата беа објавени на веб страната на Конект и се достапни за сите граѓански организации и пошироката јавност да може да се информираат за нејзиното значење и процесот на добивање.

## Нова веб платформа за паметно донирање

Во 2017 како дел од проектот „Граѓанското општество посилно со бизнисот и граѓаните“ беше пуштена во употреба новата веб платформа на Конект. Веб платформата се креираше во соработка со Business in the community Northern Ireland кои помогнаа во градењето на концептот. www.konekt.org.mk е место на интернет што се стреми да ги поврзува граѓанските организации со бизнисите и граѓаните што сакаат да ги поддржат.




Функцијата на платоформата е да ги едуцира и информира граѓаните, компаниите и граѓанските организации за филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата. Воедно се промовираат доверливите организации и општествено одговорните претпријатија. Трите дела даваат информации за посебни теми и целни групи.

Во делот на филантропија можете да пребарувате низ 30 граѓански организации којшто имаат свој профил и да дознаете повеќе за нивното работење, раководство, извештаи и еден проект за којшто им се потребни средства за реализација. Секој посетител има можност да препорача организација во којашто има доверба и што смета дека треба да биде на нашата платформа. Предложете и вие и ние ќе ги контактираме. Граѓанските организации тука може да најдат информации за начинот на стекнување на ознаката за доверба и многу ресурсни материјали за зајакнување на нивните капацитети.

За општествената одговорност на компаниите и функционирањето на клубот на одговорни бизниси може да најдете повеќе информации во делот Клуб на одговорни бизниси. Тука може да се инфромирате за трите програми на клубот: програмата за менторирање,

младинско вработување и за корпоративно волонтирање. Оние пак коишто сакаат да развијат социјално претпријатие може да симнат повеќе едукативни ресурсни материјали.

## Кампања за поттикнува на донирањето – Да донираш е љубов

Под мотото „Да донираш е љубов“ Конект спроведе кампања која има за цел да ја подигне свеста кај граѓаните и компаниите за потребата и користа од обмислено, планирано и стратешко донирање, особено во граѓанските организации. Посебен фокус беше ставен на филантропијата како семејна вредност, при што како завет се пренесува на идните генерации во семејството. На тој начин се создава наследство кое долго ќе трае, ги надминува границите на семејството и има позитивно влијание во создавање на подобри социјални и општествени услови за сите.

*„Исто како во љубовта, кај донирањето треба да одбереш стратешки партнер кој ќе ти одговара, да негуваш однос на долг период, вистински да се дадеш, да бидеш поддршка и да уживаш гледајќи што е постигнато. Планираното и обмислено донирање е заложба за темелно решавање на проблемите, а не само еднократно санирање на последиците “* - една од клучните пораки на кампањата.

Во рамки на кампањата познати лица од јавниот и бизнис животот добија писмо што ги потсети дека донирањето е најуспешно и најисплатливо доколку се прави стратешки и обмислено. Тие потпишуваа заложба што претставува морална обврска за планирање на донациите. Исто така беше изработена и првата онлајн тест со кој преку одговарање на едноставни прашања може да видите кој тип на донатор сте и соодветно да ги насочите донаторските активности. Квизот може да го направите на следниов <<линк>>. Во неколку кафе барови беа поделени пораки за донирање, а изработени се и видеа што се споделуваа на социјалните медиуми. Како дел од кампањата беше подготвено и промотивно видео за донирањето во коешто дизајнерката Ирина Тошева ја сподели својата донаторска приказна. Споделете ја и вие со #dadoniraseljubov #donirajpametno




## Донаторски календар



По седми пат во 2017та во соработка со „Теа Модерна“ го подаривме донаторскиот календар за сите оние што сакаат да направат нешто добро во текот на годината. Редовно го користиме како потсетник со идеи што покажуваат дека и со малку може да се направи промена ако донацијата оди во прави раце. Секој месец низ целата година споделуваме идеи на социјалните мрежи и блогот на Конект. На тој начин промовиравме 12 граѓански организаци како одговорни приматели на донации и поддршка.

Дизајнот на изданието за 2017 го подготви и донираше Емилија Мишева – Ем Елафантски.

## Учество на Националниот форум на граѓански организации



Конект зема учество на Националниот форум на граѓански организации „Граѓаните за промени – Ден на граѓанските организации“ одржан на 23.09.2017 во градскиот парк, организиран од CIVICA Moiblitas. На штандот на Конект минувачите беа предизвикани да направат онлајн тест и да откријат каков тип на донатор се, а потоа да потишат картичка на којашто ветуваат дека ќе донираат во граѓански организации. Граѓаните покажаа голем интерес да се тестираат, но и за

донаторскиот календар на Конект и можностите да донирање во различни граѓански организации. На настанот беа споделени и дел од продкуктите на кампањата „Да донираш е љубов„ како награда за направениот тест.  Ги споделивме нашите пораки за донирање и подлошки за чаши.

Претставниците од граѓанските организации се информираа за начините на добивање на ознаката за доверба, добија совети и сите документи што им се потребни да го спроведат процесот за да се здобијат со ознаката.

## IV. Социјално претприемништво

Посветено придонесувавме за развојот на социјалното претприемништво. Концептот на користење на претприемачки вештини за градење на позитивни промени во заедницата базирани врз вредности е сврзан за нашата мисија. Конект е фокусиран на околината на екосистемот за развој на социјалното претприемништво на локално и регионално ниво.

Го спроведовме проектот Социјално претприемништво: учење од практика и  промоција којшто опфати повеќе активности за зајакнување на капацитетите потенцијалните социјални претпријатија и институциите. На почетокот беше релаизирана студиска посета во едно од најуспешните социјални претпријатија- „Терапевтска заедница Покров“ во Струмица. Во оваа посета учествуваа 25 претставници на потенцијални социјални претпријатија, компании и





институции коишто се запознаа со работењето на терапевтската заедница Покров и нејзините корисници. Учесниците имаа можност да поразговараат со корисниците и да ја согледаат промената што се постигнува кај лицата зависници со работата во заедницата.

На 12.04.2017 се одржа информативна сесија со наслов „Трендови во социјалното претприемништво“, на којашто 4 говорнички го презентираа концептот на социјално претприемништо и најновите трендови во регионот и пошироко. На овој настан беа презентирани и резултатите од спроведенто истражување на NeSsT „ Екосистемите на социјалните претпријатија во Хрватска и Западен Балкан“. Настанот овозможи присутните да се информираат за тековните проекти, организации и активности кои овозможуваат поддршка на социјалното претприемништво и да обмислат како да се вклучат. Се разви и дебата за законската рамка за социјално претприемништво. На инфо сесијата учествуваа 42 претставници на институции, граѓански организации, компании и потенцијални социјални претприемачи.






За јакнење на капацитетите за продажба на потенцијалните социјални претпријатија се одржа еднодневна работилница „Како да продавате добра и услуги?“. Обучувач на оваа работилница беше консултант којшто на учесниците кои потекнуваат од граѓанскиот сектор им ја доближи бизнис логиката. На работилницата се споделија идеи и се зборуваше за досегашните технички на продажба на своите производи и услуги што учесниците ги користат, а потоа преку практични вежби се креираа нови алатки и се поставија цели за продажба.

Со своја експертиза Конект се вклучи во првото сеопфатно истражување за екосистемите за развој на социјалните претпријатија во седум земји на Западен Балкан. Истражувањето се спроведе од NeSsT за потребите на Европската банка за реконструкција и развој (ЕБРД), а спонзорирано е од Тајванскиот бизнис фонд.



Недостаток на социјални инвестиции е еден од клучните предизвици за развојот на социјалните претпријатија во регионот. Истражувањето покажува дека во оваа фаза од развојот се потребни:

- продлабочени иницијативите за подигање на свеста и градење на секторот;
- јакнење на капацитетите, поддршка при оформување на нови социјални претпријатија и учење од моделите со најдобри практики;
- интензивни напори за да се обезбедат бизнис ориентирани и советодавни услуги;
- прилагодени начини на финансирање за да се подготват социјалните претпријатија за настап на пазарот.

Конект ги истражуваше социјалните претпријатија во Македонија, Албанија и Косово, а во истражувањето беа вклучени и, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора и Србија. За повеќе информации, прочитајте го целосното истражување или извршното резиме.

Извршната директорка на Конект, Никица Кусиникова го презентираше истражувањето на регионалната конференција- Форумот за социјални иновации (СИФ), што се одржа во Белград на 06.04.2017 во организизација на „Смарт Колектив".




## V. Унапредување на општествената одговорност

Континуирано работиме на едукација на претпријатијата и соработка со нив со цел да поттикнеме ефикасно и долгорочно општествено влијание на претпријатијата и нивно активно вклучување во заедницата. Преку специјализирани решенија или постоечки добри практики им помагаме на фирмите да идентификуваат конкретните цели, стратегии и програми за успешна филантропија и ООП.

## Формирање Клуб на одговорни бизниси

Стратешки ги структуираме иницијативите и поддршката на компаниите за општествена одговорност во концептот за Клубот на одговрни бизниси што го обмисливме во 2016та година. Клубот влијае во повеќе насоки. Од една страна тој е место каде општествено одговорните компании ги здружуваат своите ресурси во заеднички во постојни стручно обмислени програми што имаат конкретни ефекти. Притоа активностите на клубот не се замена за интерните приоди кон ООП на членките туку се комплементарни. Клубот нуди можности членките директно да се вклучат во активности без самите да ги организираат и обезбедува простор за обмислување на дополнителни приоди. Понатаму, клубот обезбедува градење на капацитетите на членките и го поттикнува нивниот напредок во исполнувањето на општествената одговорност преку креирање на цели за постигнување (т.н. предизвици) со обезбедена поддршка. Програмите на клубот ќе градат соработка со граѓанските организации и институциите посветувајќи се на трајни решенија.

Промоцијата на Клубот на одговорни бизниси се одржа во резиденцијата на Британскиот амбасадор. На настанот учествуваа претставници на највисоките раководни струкутри од 43 компании коишто ја подржаа инцијативата за формирање на Клубот и се заложија дека ќе придонесат во развојот на општеството со водење фер и одржлив бизнис што поттикнува иновации, влева доверба и што промовира вистински вредности. Клубот претставува нова уникатна платформа за здружување на иницијативите, идеите и ресурсите на компаниите заради реализација на поголеми и посложени проекти кои ќе имаат значајни ефекти врз животот на луѓето, просперитетот на заедниците и одржливиот развој.

Во 2017та се развија и интерните документи и програми потребни за работењето на клубот.



## Програми на Клубот на одговорни бизниси

Во текот на 2016 и 2017 се развиваа повеќе активности и програми за Клубот на одговорни бизниси. Тие се подготвени врз база на повеќе истражувања, анализа на потребите и искуствата на нашите партнери Business in the Community. Притоа, се зедоа предвид најгорливите општествени предизвици каде бизнисот е директно засегнат и може да влијае на подобрување на состојбите. Активностите се преточени во 3 програми и 2 подпрограми.








Невработеноста на младите лица во Македонија е поголема од 50% затоа ова е еден од главните општествени проблеми којшто е опфатен со **програмата за младинско вработување.** Бизнисот може значително да влијае за намалувањето на невработеноста кај младите со учество во иницијативите на програмата, со отварање на своите врати за младите, поддршка за полесно да се приспособат на работното место и менторска поддршка за младите од маргинализирани групи. Оваа програма е составена од две помали програми.

- **„Подготвени за работа“** ќе им помогне на младите во подготовката за барање и наоѓање на работно место. Притоа, компаниите ќе овозможат обуки за младите лица во компаниските простории, ќе се запознаат подобро со работењето на компанијата и ќе имаат можност да бидат дел од вежба - интервју за работа за коешто ќе добијат соодветен фидбек.
- **„Целиме повисоко“** ќе ги насочи и инспирира младите лица од маргинализирани групи да ја планираат својата кариера. Целиме повисоко се стреми да им помогне на млади лица од ромската заедница да се интегрираат во општеството, да продолжат со образованието или да се вработат преку менторска поддршка еден на еден.

**Корпоративно волонтирање** значи донирање на дел од работното време на вработените за доброто на заедницата и на нејзините членови. Програмата за корпоративно волонтирање претставува општествено одговорна практика којашто се применува во сите поразвиени земји. Со оваа програма вработените од компаниите добиваат можност да волонтираат во непрофитна органзација во работно време.

**Програмата за менторирање** претставува можност знаењето и умеењето на претпријатијата да се стави во фунција на поддршка на заедницата преку јакнење на капацитетите на граѓанските организации. Менторирањето претставува двонасочен процес бидејќи од него имаат придобивки и менторите (вработените во претпријатијата) и менторираните (вработените во ГО).

## Вработување на лица со попреченост

Улогата на бизнисот како фер работодавач без бариери е важен дел од општествената одговорност. Конект е партнер на Отворете ги прозорците во проектот „Вработување на лица со попреченост – одржлив модел“ кој цели да поттикне еднакво и активно вклучување на лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот. Отворете ги прозорците директно работеа со невработени лица со попреченост, а Конект и во 2017 продолжи да работи со работодавачите и одржа 3 обуки за работна инклузија на лицата со попреченост на работното место, подготви практичен водич за претпријатија за вработување на лица со попреченост и пакет услуги за компаниите. Тестиравме модел на поддржано вработување во којшто работодавачот добива скроена поддршка во процесите на инклузија на лица со попреченост во работата.



Спроведовме 3 обуки на коишто учествуваа 69 професионалци, во најголем дел вклучени во областа на човечки ресурси. Учесниците научија за способностите и можностите на лицата со попреченост, за прилагодувањето на работните места, се запознаа со начините за адаптирање на своите политики и процедури и практики за да овозможат вработување и да станат работодавач без бариери. Обуките служеа и за сензибилизација. Некои учесници истакнаа дека станаа посвесни за можностите на лицата со попречност за работа и нивна интеграција во работната средина бидејќи за прв пат се сретнаа и отворено разговараа за нивните потреби и за вештини и знаења коишто можат да ги понудат.



За едукација на компаниите подготвивме прирачник во којшто е се објаснети законските можности и поволности при вработување на лица со попреченост, што треба да знае пред да се вработи лице со попреченост, целиот процес на вработување и можностите за поддршка за вработување. Прирчникот содржи полезни информации за примената на асистивна информатичка технологија.

Креиравме пакет услуги за вработување лица со попреченост наменет за компаниите што се стремат кон статусот на работодавач без бариери. Овој пакет беше доделен на 10 компании. Пакетот вклучува проверки на процедурални, физички и социјални пречки; поддршка при креирање (прилагодување) на политики коишто ќе овозможат инклузија на лицата со попреченост, обуки за персоналот, регрутација на кандидати, прилагодување на работното место и поддршка при работењето.



## MAMFORCE Standard



Овозможивме уште една општествено одговорна практика наменета за компаниите и другите организации - MAMFORCE стандардот.

MAMFORCE стандардот им се доделува на компаниите што успешно ја организираат работата и работната средина почитувајќи ги принципите на балансиран професионален и приватен живот, семејна одговорност, родова еднаквост и еднакви можности за професионален развој и напредување. Во Македонија првиот MAMFORCE стандардот го доделивме на компанијата Оне.Вип. Компанијата помина низ низа проверки и анализа на податоците на внатрешното работење. Со добивањето на овој стандард тие се обврза на воведување на дополнителни мерки за подобрување на балансот помеѓу приватниот и професионалниот живот на своите вработени и за еднакви можности за усовршување, напредување и развој на кариерата, по што би оствариле право за стекнување на напреден MAMFORCE Standard.



Оваа година организиравме и работилница на којашто креаторката на стандардот г-а Диана Кобас Дескович им го приближи стандардот на претставници на 9 компании и им ги објасни предностите од воведувањето на стандрдот во компаниите.

Концепт е развиен по научна методологија од страна на Институтот за истражување и едукација „Zaposlena mama“. Имплементацијата на проектот во Македонија беше поддржан од Програмата за зголемување на пазарната вработливост (ИМЕ) на Швајцарската агенција за развој и соработка, имплементирана од Swisscontact.

## Училишен проект на ЕВН Македонија – Нова генерација

По една деценија успешно спроведување на Училишниот проект на ЕВН Македонија чијшто координатор беше Конект, оваа година проектот се трансформираше и работилниците коишто до сега се спроведуваа се преточија во онлајн платформа. Новата веб платформа го носи името „Нова генерација“ и се обраќа до новите генерации на потрошувачи на електрична енергија за да ги едиуцира како разумно и безбедно да ја користат. Целни групи на оваа веб платформа се деца, родители и наставници.
Веб платформата е во изработка и ќе има интерактивен карактер и ќе нуди совети за

штедење, игра за добивање на електрична енергија од алтернативни извори и многу експерименти коишто ќе може да се направат дома.

## Корпоративно волонтирање – ЕВН Волонтира

Корпоративно волонтирање е интернационална општествено одговорна практика за вклучување на вработените во волонтерски активности што не се дел од оперативното работење на претпријатието. Во 2017та година со експертизата од Конект во се разви програмата за корпоративно волонтирање ЕВН Волонтира. Како дел од програмата сите вработени имаат можност да посветат 8 платени работни часа на волонтирање во своите локални заедници. Конект ја подготви целата методологија за имплементација на програмата и интерна веб платформа за информирање и пријавување на волонтери. Вработените имаат можност да изберат една активност од понудените волонтерски активности или пак да состават тим и да предложат своја активност. Сите активности се реализираат во соработка со непрофитни организации и со програмата сакаме да ги мотивираме вработените да бидат свесни за работата на организациите и промените што ги креираат во заедниците. Програмата ги мотивира вработените и сами да истражуваат во своите заедници и да ги детектираат потребите коишто со заеднички волонтерски ангажман може да се задоволат.

Во овој период беа спроведени 21 активност од 196 волонтери во 16 различни општини низ Македонија. Волонтерите на ЕВН Македонија ја осветлија кулата на Титов врв, го уредија дворот на ЗРЦЛИП Порака Наша, бојадисаа столбови за улично осветлување во Кочани, одржаа едукативна работилница за штедење електрична енергија во градинка во Св. Николе, бојадисаа училиштето во Велес, подотовија 180 оброци за бездомни и социјално загрозени лица, поставија врати и ја санираа оградата на фудбалско игралиште во с. Зрновци.

Сите досегашни волонтери искажаа задоволство од програмата и повторно би сакале да волонтираат. Програмата за корпоративно на ЕВН Македнија е успешен пример што ги мотивира и другите компании да се вклучат во ваков вид активности засебно или заеднички.

*Ова е моја прва волонтерска активност. Чувството дека можам да помогнам ме исполнува и ме радува. Се надевам дека повторно ќе имам можност да учествувам во волонтерски проект со тим од мојата компанија.“*

– изјави Соња Пулејкова тим лидер на активноста: Осветли го Титов врв

*„Ви благодариме што на крај некој се сети да помогне во оваа установа. Ја поздравуваме оваа програма и се надеваме дека и во иднина ќе продолжи“.*

- вработена во детската градинка „Рахилка Гонева“ Св. Николе



## Конектирај се

Во нашето работење, особено внимание посветуваме на градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции, заедниците и индивидуалците. Веруваме дека ова е единствен начин за градење вистински позитивни промени и во нашето работење го поттикнуваме овој дијалог и соработка.



Сервисот за поврзување на граѓански организации со копмании, има за цел пренесување на вештините и знаењата од компаниите на граѓанските организации и социјалните претпријатија. Преку „Конектирај се“ граѓанските организации може да добијат поддршка за својата работа од страна на претпријатијата. Поддршката може да биде во различна форма, во зависност од потребите и достапните ресурси на претпријатијата.



Примарната цел на поврзувањето е да се искористат знаењата и експертизата на компаниите и да се помогнат стратешки партнерства што носат корист, како за компаниите, така и за ГО. Во минатата година беа направени 10 поврзувања помеѓу најразлични компании и граѓански организации. На пример поврзавме: дизајнерка со потенцијално социјално претпријатие коешто произведува чанти и марами; извидници со компанија којашто се занимава со еколошки консалтинг и лабараториски испитувања за извидниците да се едуцираат и многу други. Една од најуспешните приказни беше и поврзувањето на фризерскиот салон Попај со здружението доблест коешто работи со лица од трето доба. Како дел од оваа приказна беше обезбедено шишање за 20 корисници на организацијата Доблест. Оваа активност успешно се спроведува повеќе месеци, повеќе за ова поврзување може да прочитате на следниов линк.

## VI. Поддршка за граѓанските организации

Конект ги поттикнува граѓаните и компаниите своите донации да ги насочат кон граѓанските организации, бидејќи на тој начин може да се постигнат директни социјални промени во заедниците. Затоа Конект креира активности што ќе овозможат подобар даночен третман на ГО и алатки коишто ќе придонесат за градењето на нивните капацитети. Конект ги обединува ГО во мрежа за застапување за законски измени што ќе овозможи поволна средина за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Во овој период се креираше мрежата за финансиска одржливост на ГО којашто претставува неформална коалиција за застапување за промени во регулативата што се однесува на даночниот третман и финансиското работење на ГО. Мрежата ќе застапува за поволни промени во следните области:

- Даночниот третман на ГО;
- Даночните олеснувања за донации и спонзорства за ГО и поврзување со статусот на организации од јавен интерес;
- Сметководствениот систем за непрофитни организации;
- Статусот на ГО како работодавачи и поддршка за вработување во граѓанскиот сектор преку активни мерки за вработување.

Мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации функционира на ниво на застапување и ниво на поддршка. Мрежата брои над 70 членки и е отворена за прием на нови граѓански органиации.

Овие активности се дел од проектот „Промени за оддржливост“ финансиран од Европската Унија.

## VII. Го шириме кругот

Континуирано градиме соработка на регионално и меѓународно ниво. Со споделување се здобиваме со нови идеи и ги шириме нашите искуства и знаење. Тоа го правиме преку мрежите на коишто сме носители и членки и во директни активности за размена. Во овој период Конект учествуваше во регионално истражување за еко-системите на социјалните претпријатија споделувајќи ја својата експертиза.(*Види 11-12)*.

## VIII. Глобален договор на Обединетите нации

Глобалниот договор на обединетите нации е најголемата светска иницијатива за општествена одговорност на претпријатија. Околу десетте принципи на оваа иницијатива поврзани се над 12.000 доброволни учесници од 170 земји во светот.  Конект е секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации.

## Известување за вклученост

Согласно политиките за известување на [Глобалниот договор на Обединетите нации] членките кои не припаѓаат на бизнис секторот имаат обврска да поднесат Известување за вклученост. Во рамки на својот извештај за 2017 Конект известува за својата вклученост во иницијативата и за поддршката на принципите на Глобалниот договор. Описот на горенаведените активности во најголем дел се поврзани со поттикнување на општествената одговорност и активно вклучување на бизнис секторот во непрофитни цели. Подолу се изнесени активности поврзани со работата на Конект како Секретаријат на мрежата.

**Вклученост во Глобалниот договор на обединетите нации и негова промоција**

Македонската мрежа на ГД е првата мрежа во земјата целосно посветена на подобрување на општествената одговорност. Формирана во 2004 година, Мрежата е активна повеќе од една деценија. Сочинета е од 48 компании, граѓански организации и други членови од кои 20тина со активно членство на меѓународно ниво. Секретаријат е Здружението Конект што како организација чијшто фокус е општествената одговорност на претпријатијата, активно работи на градењето на Мрежата и на промовирање на нејзините принципи. Како секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор претставуваме контакт центар за членките; поттикнувач на активности и промотор на нејзините принципи.

*„Мисијата на Конект е тесно сврзана со имплементацијата на десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации во областа на: човековите права,трудот, животна средина и борба против корупцијата. Во Конект со секој работен ден ја изразуваме континуираната поддршка, заложба, но и реална практика за зацврстување и примена на овие принципи. Дел од идентитетот на Конект стана тоа што е Секретаријат на македонската мрежа на глобалниот договор. Нѝ претставува чест што ги координираме активностите на Мрежата и активно придонесуваме за нејзиниот развој. Со своите активности и залагања Македонската мрежа придонесе за подигнување на свеста во бизнис заедницата и кај институциите дека сите подеднакво сме одговорни за примена на принципите на Глобалниот договор. Развојот на компаниите и развојот на заедницата се обврска на секој чинител и тој принцип ние се обидуваме да го прошириме, бидејќи само со заедничка и синхронизирана акција можеме да очекуваме долгорочен развој на сите сегменти од нашето живеење. “*

Никица Кусиникова

Контакт лице на Македонската мрежа на ГД

Извршна директорка на Конект

**<u>Вклученост во Глобалниот договор на обединетите нации и негова промоција</u>**




На 22.12.2017 се одржа годишната средба на Македонската мрежа на глобалниот договор. Претставниците на членките на мрежата имаа можност да се запознаат со глобалната стратегија 2020 и да дискутираат заа идните планови на мрежата. Посебен акцент беше ставен на новите проекти на Конект „Градење меѓусекторски партнерства за одржилив развој" и „Поттикнување на прицнипите за бизнис и човекови права" во коишто мрежата ќе земе активно учество. Со цел промоција на принципите на ГД редовно сме присутни на настаните на членките на Мрежата поврзани со ООП.

**<u>Вклучување на бизнис заедницата во активности поврзани со ООП и Глобалниот договор</u>**

Конект континуирано ги вклучува членките на Глобалниот договор на ОН и пошироката бизнис заедница во своите активности. Нашите активности директно поврзани со корпоративна филантропија, ООП и градењето партнерства поддржани од бизнис заедницата како релевантна засегната страна. Дополнително, во своите активности за едукација на бизнис секторот (*види стр. 16*) секогаш се вклучени и аспектите поврзани со Глобалниот договор на ОН.




КОНЕКТ
ул. „Владимир Полежиновски" 19-1/6,
1000 Скопје, Македонија
тел: +389 2 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk
www.konekt.org.mk

www.konekt.org.mk/blog
www.donirajpametno.mk
http://konekt.org.mk/volonterstvo/